РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 05.08.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 5083/1 | 0 | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување на Законот за државната статистика, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

1. Бобан Коцоторовски
2. Весна Бендевска
3. ПАВЛЕ АРСОСКИ
4. Даница Бешкова
5. Деница Стојановски

Бојан Стојаноски

Игор Здравковски

Предлагачи: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНАТА СТАТИСТИКА,
по скратена постапка

Скопје, август 2026 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20) се уредува поставеноста и полето на работата на државната статистика, методолошките и организациски основи на статистичките истражувања, прибирањето, обработката, презентирањето, чувањето, заштитата и дисеминацијата на статистички податоци.

Со Законот се уредени и прашањата поврзани со раководењето со Државниот завод за статистика, вклучително и именувањето, условите, престанокот на функцијата и разрешувањето на директорот и заменик-директорот.

Заради усогласување со Законот за високи раководители, се предлага изменување и дополнување на Законот за државната статистика. Измените се однесуваат на постапката за избор на директор и заменик-директор, условите за нивно именување, како и на одредбите што го уредуваат престанокот на функцијата и разрешувањето на директорот и заменик-директорот, со цел нивно целосно усогласување со решенијата утврдени во Законот за високи раководители.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со предлог законот се врши усогласување на одредбите на Законот за државната статистика со Законот за високи раководители.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија и не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на закон по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНАТА СТАТИСТИКА

Член 1

Во Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20), во членот 9 ставовите 3, 4 и 5 се менуваат и гласат:

„ За именување на директор и заменик на директорот се спроведува постапка согласно со Законот за високи раководители.

За директор и заменик директор на Заводот  може да биде именувано лице кое ги исполнува условите за именување на директор утврдени со Законот за високи раководители.

На директорот и на заменик директорот на Заводот функцијата им му престанува со истекот на мандатот, а пред истекот на мандатот се разрешува и мандатот му престанува по сила на закон согласно со Законот за високи раководители.“.

Ставот 6 се брише.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 октомври 2026 година.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со членот 1 од предложениот Закон за изменување на Законот за државната статистика се врши усогласување со одредбите од Законот за високи раководители во делот на постапката за избор, условите за именување, престанокот на функцијата и разрешувањето на директорот и заменик-директорот.

Со членот 2 се уредува влегувањето во сила и почетокот на примената на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани и претставуваат единствено усогласување на Законот за државната статистика со Законот за високи раководители во делот на директорот.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Законот за државната статистика ќе биде усогласен со Законот за високи раководители и ќе се постигне кохезија на правниот систем, односно ќе се избегне колизија на два закона.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ

Член 9

Со Заводот раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија за време од четири години, со право повторно да биде именуван.

Директорот на Заводот има заменик кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија за време од четири години.

Директорот и заменик на директорот се именуваат по спроведен јавен оглас за избор, објавен во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

За директор и за заменик на директорот на Заводот може да биде именувано лице кое ги исполнува следните услови:

1) да е државјанин на Република Македонија;

2) со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) да има стекнати 240 кредити според ЕКТС или VII/1 степен образование;

4) најмалку пет години работно искуство;

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (Б2).

На директорот или на заменикот на директорот функцијата може да му престане со негово разрешување или во случај на смрт.

Директорот, односно заменикот на директорот се разрешува, ако:

- тоа сам го побара,
- биде осуден за кривично дело на безусловна казна затвор во траење од најмалку шест месеца и
- поради нестручно, пристрасно и несовесно вршење на функцијата и надлежностите кои му се доверени со закон.